Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 31 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11 и 6/12), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **пијано** за седмо одделение на деветгодишното основно музичко и балетско образование.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ПИЈАНО

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2014

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. ВОВЕД

Во седмо одделение на деветгодишното основно музичко образование се изучуваат два наставни предмети: солфеж и инструмент по избор.

Наставата по предметот пијано е индивидуална и се изведува практично. Целта на наставата по пијано е ученикот/ученичката да ја усовршува координацијата на рацете и употребата на педалите при изведбата на композициите за пијано, да ги развива вештините за читање прима виста, импровизација или компонирање и да се запознава со камерното музицирање.

- Фонд на часови: 2 часа неделно по 40 минути со индивидуална настава, односно 72 часа годишно.
- Статус на предметот: задолжителен.

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД VII ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да свири дурски и молски скали со тризвуци;
- да изведува двогласна или тригласна полифонија;
- да изведува сонатини или сонати во целост;
- да изведува композиции од разни жанрови и стилови;
- да ги развива вештините за читање прима виста, импровизација или компонирање;
- да ја развива љубовта кон камерното музицирање со разни камерни состави или оркестар.

**3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО ПИЈАНО ВО VII ОДДЕЛЕНИЕ**

Ученикот/ученичката:

- да развива љубов кон музиката преку изучување на пијаното;
- да ги открива изразните можности на инструментот;
- да ги употребува импровизацијата или компонирањето како креативни вештини;
- да свири од нотен текст во виолински и бас клуч низ целата клавијатура;
- да ги препознава ознаките за педал и да го употребува педалот;
- да препознава музичка реченица (фраза) во пиесите што ги свири и правилно да фразира;
- да препознава дводелна, триделна и сонатна форма;
- да препознава и изведува едноставни музички форми како етида, мали прелудиуми, фугети, двогласни инвенции, едноставни барокни пиеси, сонатен став од сонатина или соната, рондо, варијации, пиеси од 18.,19.,20. и 21 век и сл.;
- да го збогати емоционалниот живот преку свирење на композиции од разни жанрови;
- да развива музичка меморија;
- да свири дурски и молски скали по избор;
- да покажува способност за транспонирање;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да го развива естетскиот вкус и критичко мислење за вреднување на музиката;
- да покажува вештина за читање на едноставен нотен запис по принципот прима-виста;
- да покажува способност и вештина за камерно музицирање;
- да покажува способност и вештина за соработка со камерен оркестар.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема I: Музичка писменост и запознавање со музичките форми (21 час) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да свири вежби на целата клавијатура;<br><br>- да ги применува разните нотни вредности поединечно и комбинирано;<br><br>- да употребува разновидни ритмички комбинации преку технички вежби;<br><br>- да ги препознава и применува орнаментите трилер, групето, мордент, пралтрилер и други;<br>- да препознава и изведува музичка форма етида;<br><br>- да препознава и изведува музичка форма сонатен став од сонатина или соната, или рондо;<br><br>- да препознава и изведува музичка форма варијации; | - Вежби за пијано во опсег на целата клавијатура;<br><br>- Вежби со примена на разни нотни вредности поединечно и комбинирано;<br><br>- Технички вежби со разновидни ритмички комбинации;<br><br>- Вежби со орнаменти трилери, групето, мордент, пралтрилер и други;<br>- Композиции во форма на етида;<br><br>- Композиции во форма на сонатен став или рондо;<br><br>- Композиции во форма на варијации; | - Контра, субконтра, голема, мала, прва, втора, трета, четврта октава<br><br>- Бас, дискант<br><br>- Ноти во виолински и бас клуч во сите октави<br><br>- Разни нотни вредности (цели, половини, четвртини, осмини, триоли, шеснаестини, осмина со точка, шеснаестина со точка, триесетидвојки ноти и паузи)<br><br>- Орнаменти: трилери, групето, мордент, пралтрилер и други<br><br>- Етида<br><br>- Сонатина<br><br>- Сонатен став: прва тема, втора тема, развоен дел, реприза (реекспозиција); бавен став; трет став (рондо и сл.) | - Свирење вежби за пијано во опсег на целата клавијатура;<br><br>- Свирење вежби со примена на разни нотни вредности поединечно и комбинирано;<br><br>- Свирење технички вежби со разновидни ритмички комбинации;<br><br>- Свирење вежби со орнаменти: трилери, групето, мордент, пралтрилер и други;<br><br>- Свирење етиди;<br><br>- Свирење сонатни ставови од сонатини или сонати, или рондо;<br><br>- Свирење варијации;<br><br>- Свирење на мали прелудиуми, фугети, барокни танци, двогласни инвенции, други едноставни барокни пиеси и сл.; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да препознава и изведува музичка форма прелудиум, фугета, барокни танци, двогласни инвенции, други едноставни барокни пиеси и сл.;<br><br>- да препознава и изведува пиеси од 18., 19., 20. и 21 век. | - Композиции во форма на прелудиум, фугета,<br>барокни танци, двогласни инвенции, други едноставни барокни пиеси и сл.;<br><br>- Пиеси од 18., 19., 20. и 21 век. | - Варијации;<br><br>- Прелудиум, фугета, барокни танци, двогласни инвенции, други едноставни барокни пиеси и сл.;<br><br>- Пиеси од 18., 19., 20. и 21 век. | - Свирење на пиеси од 18., 19., 20. и 21 век.<br><br>**Методи:**<br>монолошка;<br>дијалошка;<br>демонстративна. |

| **Тема II: Техничка компонента на изведбата на пијано (22 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да развива вештина за изедначеност, јасност и компактност при свирењето скали;<br>- да ја развива и усовршува вештината за координирано свирење со двете раце;<br>- да препознава и применува дурски и молски тризвуци со свртувањата;<br>- да ја усовршува вештината за свирење дела со примена на техниката на имитација;<br>- да развива вештина за свирење на едноставни и посложени полифони композиции со нивните орнаменти;<br>- да развива вештина за изведба на сонатен став од сонатина или соната или рондо, варијации, пиеси од 18., 19., 20. и 21 век;<br>- да развива вештина за координирано и синхронизирано свирење различни видови артикулација во двете раце (легато и портато, легато и стакато) и во различно темпо;<br>- да ја развива вештината на употреба на десниот и левиот педал. | - Дурски и молски скали по избор;<br><br>- Вежби со тризвуци;<br><br>- Композиции за усовршување на техниката;<br><br>- Вежби со имитација;<br><br>- Полифони композиции;<br><br>- Сонатен став од сонатина или соната или рондо, варијации, пиеси. | - Дурски и молски скали<br><br>- Дурски и молски тризвук, квинтакорд, секстакорд, квартсекстакорд<br><br>- Етида и техничка вежба<br><br>- Имитација<br><br>- Полифонија (мали прелудиуми, фугети, барокни танци, двогласни инвенции, други едноставни барокни пиеси и сл.)<br><br>- Сонатен став од сонатина или соната или рондо, варијации, пиеси од 18., 19., 20. и 21 век<br><br>- Артикулација: legato, portato, staccato<br><br>- Лев и десен педал | - Свирење дурски и молски скали по избор во две октави паралелно и спротивно;<br><br>- Свирење вежби со дурски и молски тризвуци, во две октави со мало разложување и акорди;<br><br>- Свирење етиди и технички вежби за усовршување на техниката при свирењето;<br><br>- Свирење вежби со имитација;<br><br>- Свирење полифони композиции како мали прелудиуми, фугети, барокни танци, двогласни инвенции, други едноставни барокни пиеси и сл.;<br><br>- Сонатен став (прва тема, втора тема, развоен дел, реекспозиција); бавен став; трет став (рондо и сл.);<br>- Варијации;<br>- Пиеси од 18., 19., 20. и 21 век.<br><br>**Методи:**<br>монолошка;<br>дијалошка;<br>демонстративна. |

| **Тема III:  Интерпретациска компонента на изведбата на пијано (11 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги препознава и применува основните ознаки за динамика;<br><br>- да ги препознава и применува ознаките за темпо со музичките изрази;<br><br>- да ја развива вештината на употреба на десниот и левиот педал;<br><br>- да се запознава со стилските карактеристики на музичките правци и жанрови; | - Композиции со разни ознаки за динамика, темпо и музички изрази;<br><br>- Композции со различни стилски карактеристики од различни епохи и жанрови; | - Пијанисимо (pp)<br>- Пијано (p)<br>- Мецопијано (mp)<br>- Мецофорте (mf)<br>- Форте (f)<br>- Фортисимо (ff)<br>- Крешендо (crescendo)<br>- Декрешендо (decrescendo)<br>- Диминуендо (diminuendo)<br>- Сфорцандо (sf)<br><br>- Ларго (largo)<br>- Ларгето (larghetto)<br>- Ленто (lento)<br>- Адаџо (Adagio)<br>- Анданте (Andante)<br>- Модерато (Moderato)<br>- Алегрето (Allegretto)<br>- Алегро (Allegro)<br>- Виво (Vivo)<br>- Виваче (Vivace)<br>- Престо (Presto)<br><br>- accelerando<br>- assai<br>- calando<br>- dolce<br>- leggiero<br>- marcato<br>- meno<br>- molto<br>- non troppo<br>- poco a poco<br>- più | **Активности**<br><br>- Свирење композиции кои содржат ознаки за динамика: pp, p, mp, mf, f, ff, sf, crescendo, decrescendo, diminuendo и др.;<br><br>- Свирење композиции кои содржат ознаки за темпо и музички изрази како:  Largo, Larghetto, Lento, Adagio, Andante, Moderato, Allegretto, Allegro, Vivo, Vivace, Presto, accelerando, assai, calando, dolce, leggiero, marcato, meno, molto, non troppo,  poco a poco, più, senza, subito и др.;<br><br>-  Свирење композиции со примена на десен и лев педал;<br><br>- Свирење композиции од различни стилски епохи и жанрови; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да препознава и изведува музичка форма етида;<br><br>- да препознава и изведува музичка форма прелудиум, фугета, барокни танци, двогласни инвенции, други едноставни барокни пиеси сл.;<br><br>- да препознава и изведува музичка форма сонатен став од сонатина или соната, или рондо;<br><br>- да препознава и изведува музичка форма варијации;<br><br>- да препознава и изведува мали музички дводелни и триделни форми. | - Композиции со дводелна, триделна форма, сонатен став, рондо, варијации и сл. | - senza<br>- subito и др.<br>- una corda<br>- tre corda<br>- con sordino<br>- senza sordino<br><br>- Етида<br>- Двогласна инвенција<br>- Прелудиум<br>- Фугета<br>- Барокни танци и пиеси<br>- Сонатина<br>- Соната<br>- Сонатен став<br>- Рондо<br>- Варијации<br>- Пиеси од 18., 19., 20.и 21 век. | - Свирење композиции со дводелна, триделна форма, сонатен став, рондо, варијации и сл.;<br><br>- Свирење композиции со примена на техниката на варирање.<br><br>**Методи:**<br>монолошка;<br>дијалошка;<br>демонстративна. |

| Тема IV: Свирење прима виста (10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да идентификува едноставен непознат нотен запис;<br><br>- да развива вештина за свирење непознат нотен запис според принципот прима- виста;<br><br>- да развива вештина за камерно музицирање. | - Едноставни двогласни нотни записи кои содржат цели, половини, четвртини, осмини, триоли, шеснаестини, осмина со точка, шеснаестина со точка, триесетидвојки ноти и паузи и се запишани во сите октави;<br><br>- Ноти во виолински и бас клуч во сите октави;<br><br>- Кратки едноставни музички пиеси за камерно музицирање (четирирачни за пијано и др.). | - Прима виста<br><br>- Камерно музицирање | - Свирење едноставни непознати двогласни вежби;<br><br>- Свирење на кратки едноставни музички пиеси за камерно музицирање со наставникот или со друг ученик (четирирачни за пијано и др.).<br><br>**Методи:**<br>монолошка;<br>дијалошка;<br>демонстративна. |

| Тема V: Креативни вештини - свирење по слух, импровизација и компонирање (8 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да развива вештина за репродуцирање и транспонирање едноставни мелодии по слух во тоналитети по избор;<br>- да креира сопствени мелодии;<br>- да импровизира или компонира технички вежби со разни нотни вредности и орнаменти;<br>- да импровизира во разни видови на такт;<br>- да импровизира и транспонира во тоналитети по избор со сопствена акордска придружба;<br>- да импровизира или компонира со кратки имитации;<br>- да импровизира или компонира кратки пиеси во дводелна и триделна форма. | - Свирење по слух на познати мелодии со сопствена акордска придружба и нивно транспонирање во тоналитети по избор;<br>- Импровизирање или компонирање на технички вежби за совладување на разни техники;<br><br>- Импровизирање или компонирање на сопствени мелодии со акордска придружба во тоналитети по избор;<br><br>- Импровизирање или компонирање на едноставни кратки пиеси во дводелна или триделна форма во тоналитети по избор. | - Свирење по слух<br><br>- Импровизација<br><br>- Транспонирање<br><br>- Компонирање | - Свирење познати мелодии и нивно транспонирање во тоналитети по избор;<br><br>- Импровизирање или компонирање на технички вежби за совладување на разни техники;<br><br>- Импровизирање или компонирање мелодии со акордска придружба во тоналитети по избор;<br><br>- Креирање на сопствени импровизации или композиции во дводелна и триделна форма во тоналитети по избор.<br><br>**Методи:**<br>монолошка;<br>мијалошка;<br>демонстративна. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини по предметот пијано во седмо одделение на основното музичко образование даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините по предметот солфеж. Се дава можност и за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност со потребите на учениците и планираните активности. Во табелата е даден бројот на часовите на секоја од петте теми и бројот на задолжителниот минимум на градиво кое ученикот треба да го совлада во текот на седмо одделение. Двете мерки се ориентациони.

Годишен фонд на часови - ориентационо:

| | **ТЕМИ** | **Број на часови** | **Број на комозиции кои треба да се поминат годишно** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Музичка писменост и запознавање со музичките форми | 21час | Етиди (најмалку 4)<br><br>Барокни композиции (најмалку 2)<br><br>Сонатини или Сонати (најмалку 2 сонатни става или рондо) или Варијации<br><br>Композиции или камерни пиеси од разни автори од 18., 19., 20. и 21 век (најмалку 2) |
| **2.** | Техничка компонента на изведбата на пијано | 22 часа | |
| **3.** | Интерпретациска компонента на изведбата на пијано | 11 часа | |
| **4.** | Свирење прима виста | 10 часа (Свирење едноставни непознати двогласни вежби, кратки камерни пиеси и секое ново дело) | |
| **5.** | Креативни вештини - свирење по слух, импровизација и компонирање | 8 часа | |
| | **Вкупно годишно:** | **72 часа** | **Преку годината да се поминат најмалку 10 композиции.** |

**Наставни средства**

**Технички вежби**

- А.Шмит: Вежби оп.16
- Л.Ханон: Пијанист виртуоз
- Л. Пиперковска: Прирачник за скали и акорди
- Л. Шабан: Прирачник за скали и акорди
- Технички вежби од други композитори по избор кои одговараат по тежина на предложените, но во предвид можат да дојдат и потешки.

**Етиди (најмалку 4)**

- Л. Пиперковска: Распеани и разиграни прстиња 3 и 4
- К. Черни: Етиди оп. 849 и оп. 299 ( I и II книга).
- Ј. Кршиќ: Клавирска читанка (4)
- Х.Беренс: Етиди по избор
- Х.Бертини: Етиди по избор од оп.29 и 32
- С. Хелер: Етиди по избор од оп.45
- Етиди од други композитори по избор кои одговараат по тежина на предложените, но во предвид можат да дојдат и потешки.

**Барокни композиции (најмалку 2)**

- Ј. С. Бах: 6 и 12 Мали прелудиуми и фугети
- Ј. С. Бах: Двогласни инвенции
- Ј. С. Бах: Француски суити (по избор два до три барокни танци различни по карактер)
- Г. Ф. Хендел: 12 лесни пиеси
- Барокни композиции од други композитори кои одговараат по тежина на предложените, но во предвид можат да дојдат и потешки.

**Сонатини или Сонати (најмалку 2 сонатни става или рондо) или Варијации**

- М. Клементи: Сонатини (по избор)
- Ј. Хајдн: Сонатини (Дивертимента) и сонати по избор
- Д. Кабалевски: Сонатини и Сонати (по избор)
- Л. В. Бетовен: Соната оп.49 бр.2
- Ф. Кулау: Сонатини (потешки)
- Ф. Кулау: Соната А Дур

- В. А. Моцарт: 6 Виенски сонатини
- Д. Кабалевски: Варијации во де-мол на Словачка народна песна
- С. Мајкапар: Варијации на Руска народна песна оп.8
- Л. В. Бетовен: Варијации на Швајцарска тема
- Л. В. Бетовен: Соната оп. 49
- Сонатини, сонати и варијации од други композитори кои одговараат по тежина на предложените, но во предвид можат да дојдат и потешки.

**Композиции од разни автори од 18., 19., 20. и 21 век. (најмалку 2)**

- Р. Шуман: Албум за млади оп.68
- Д. Кабалевски: Композиции за деца оп.27 и оп.30
- Е. Григ: Лирски пиеси
- П. И. Чајковски: Албум за деца оп.39
- Ф. Менделсон: Песни без зборови (по избор)
- Ф. Шопен: Албум за млади (мали полонези, валцери и ноктурно во цис-мол op. posth.)
- А. Гречанинов: оп.119, оп.99, оп.123 и оп.127
- С. Прокофјев: Музика за деца оп.65
- С. Мајкапар: Минијатури оп.33 и оп.16
- Б. Барток: Микрокосмос (по избор)
- И. Стравински: Суита за пет прсти
- Л. В. Бетовен: За Елиза
- Т. Зографски: Суита за пијано
- В. Николовски: Три игри
- Т. Прошев: Музичка сликовница и
- Други композиции од разни автори од 18., 19., 20. и 21 век кои одговараат по тежина на предложените, но во предвид можат да дојдат и потешки.

**Концерти за пијано и оркестар**

- J. С. Бах: Концерт во еф-мол (прв став)
- В. А. Моцарт: Концерт за пијано и оркестар бр. 21 (втор став)
- И. Беркович: Концерт оп. 44 (прв, втор или трет став)
- Д. Кабалевски: Концерт оп. 50 бр. 3 (прв став)
- Концерти за пијано и оркестар (ставови по избор) од други композитори кои одговараат по тежина на предложените, но во предвид можат да дојдат и потешки.

**Камерни пиеси за пијано за четири раце**

- А. Диабели: Сонатини оп. 24, оп. 54, оп. 58 и други
- Ј. Брамс: Валцери оп. 39
- М. Равел: Мојата мајка гуска
- А. Аренски: Детски пиеси оп. 34
- Други камерни пиеси од разни автори од 18., 19., 20. и 21 век кои одговараат по тежина на предложените, но во предвид можат да дојдат и потешки.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно и континуирано се следат и вреднуваат постигањата на учениците и се прибираат показатели за нивната редовност, ангажираност, техничката и интерпретациската компонента на музичката изведба, како и посветеноста во работата. При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во постигањата на секој ученик. Сите обработувани содржини и податоците за редовноста, обработуваниот материјал и постигнувањата треба да се бележат во ученичкиот дневник за индивидуална настава кој на годишниот испит ќе служи како едно од мерилата за формирање на годишната оценка. Секое тромесечје ученикот се оценува од матичниот наставник во училишниот дневник според претходно наведените критериуми. Финалната годишна оценка се добива со полагање на годишен испит пред трочлена комисија на крајот од учебната година.

Наставникот при оценувањето треба да има индивидуален пристап кон секое дете. Во текот на учебната година се препорачува да се одржат минимум два јавни часа на кои ќе настапат сите ученици пред публика. Завршната оценка се формира според индивидуалните способности на ученикот, редовноста, ангажираноста, посветеноста, тромесечните оцени добиени преку увид во дневникот за индивидуална настава и нивото на квалитет при изведба на зададените музички дела на годишниот испит.

Годишниот испит по пијано за учениците од седмо одделение се состои од:

Изведба на 4 композиции од наведените или од други учебници за пијано по слободен избор, но да бидат застапени следните музички форми:

- етида;
- полифона композиција (барокен танц, мал прелудиум, фугета, двогласна инвенција и сл.);
- став од сонатина или соната со карактеристики на сонатен став, рондо или тема со варијации;
- соло композиција или камерна пиеса по слободен избор од разни автори од 18., 19., 20. и 21 век.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор за основно музичко училиште и за наставните средства донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- покажува правилна интерпретација на зададените поими од областа на музичката писменост;
- покажува вештина за изедначеност, јасност и компактност во тонската звучност;
- покажува вештина за координирано и синхронизирано свирење со двете раце;
- покажува вештина за интерпретација на скали по избор во опсег од две октави и акорди на главните стапала;
- покажува вештина за интерпретација на етиди;
- покажува вештина за интерпретација на барокни композиции;
- покажува вештина за интерпретација на сонатен став од сонатина или соната, или рондо;
- покажува вештина за интерпретација на варијации;
- покажува вештина за интерпретација на композиции од разни автори од 18., 19., 20. и 21 век;
- демонстрира музичка меморија;
- ги применува интерпретациските ознаки и стилски особини при свирењето на музичко дело;
- репродуцира двогласни нотни записи преку свирење прима виста;
- покажува вештина за репродуцирање едноставни мелодии по слух со сопствена акордска придружба, да импровизира или компонира композиции во дводелна или триделна форма.
- покажува вештина за камерно музицирање.

## 10. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по пијано за седмо одделение на основното музичко училиште може да ја изведува лице кое завршило:

- факултет за музичка уметност- вокално-инструментален оддел, насока пијано, степен VII/1.

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Наставната програма по **пијано** за седмо одделение на деветгодишното основно музичко и балетско образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-14644/1 од 15.09.2014 година
Скопје

Министер

_________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор м-р Анкица Витанова
Контролирал: Трајче Ѓорѓијевски, раководител на одделнение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор